**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Број:11 – 763/2
Датум: 28.02.2022
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 21.02.2022 година изврши увид на лице место на ул.„Даскал Камче" и ул.„Гиго Михајловски" , по барање на Инвеститорот "ЕВН – Македонија" , Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров , Скопје кој треба да изврши полагање на кабел NAY2Y-J 4x240мм2 , заради реализација на нов нисконапонски приклучок за барател ПЛАТИНУМ ГРУП ДООЕЛ.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел NAY2Y-J 4x240мм2 .Трасата за новата електрична инсталација започнува од постоечка трансформаторска станица и продолжува по тротоар од бекатонска подлога на ул.„Даскал Камче" , од каде што ја поминува улицата по пат на бушење и продолжува по тротоарот од бекатонска подлога на ул.„Даскал Камче" ,потоа по тревна подлога и дел по земјена подлога до нов разводен ормар тип КРО-Ф4 лоциран пред оградата на објектот на барателот.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 100 метри, за подлога од павер елементи 10м , за земјена подлога 52,5м и за тревна подлога 34м , а кои припагаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 1.416,00 денари со вклучено ДДВ, за земјена подлога да уплати износ од 4,956.00 денари со вклучено ДДВ , за тревна подлога да уплати износ од 3.210,00 денари со вклучено ДДВ, вкупно да уплати износ од 9.582,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од бекатонска подлога да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок , останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви,да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот. Ископаниот материјал од ровот од земјена подлога да се транспортира до депонија,околу инсталациите да се постави ситен песок и останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и ископаниот материјал од ровот од тревна подлога да се транспортира до депонија,околу инсталациите да се постави ситен песок и останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви, да се постави хумус и завршно да се затреви ровот.

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Љубомир Тодевски

Тома Мандилоски